**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

---

# ПРЕДЛОГ НА
# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
# ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Скопје, февруари 2010 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ

Поради досегашното неефикасно изрекување на глоба за сторени прекршоци од страна на судот што се огледа во долг временски период кој поминува од сторувањето на прекршокот до изрекувањето на санкцијата, поради преоптовареност на судовите се пристапи кон ново решение кое се имплементира во постоечкиот Закон за просветната инспекција со предвидување на изрекување глоба на самото место од страна на инспекторот (мандатна постапка).

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта е да се постигне поефикасно функционирање на системот на изрекување прекршочни санкции, врз начелата на економичност, итност и праведност. За таа цел во Главата 9 Прекршочни одредби се менуваат постојните и се додава нов член со кои се предвидува изрекување глоба на самото место.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За реализација на предвидените законски решенија со овој предлог не се потребни дополнителни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРО-ВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ
ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Член 1

Во Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија" 52/05, 81/08 и 148/09), членот 33 се менува и гласи:

„Ако просветниот инспектор во вршењето на инспекциски надзор утврди дека со повреда на закон или друг пропис е сторен прекршок ќе изрече глоба во мандатна постапка.

Ако глобата од став 1 на овој член не се плати во утврдениот рок, просветниот инспектор ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

Ако просветниот инспектор во вршењето на инспекциски надзор утврди дека со повреда на закон или друг пропис е сторено кривично дело ќе поднесе пријава за сторено кривично дело.

Органот на кого му е поднесено барањето, односно пријавата од ставовите 1 и 3 на овој член должен е својата одлука да ја достави до просветниот инспектор."

Член 2

Во член 36 во ставот 1 воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 600 евра во денарска противредност во мандатна постапка ќе му се изрече на правното лице ако:"

Ставот 2 и 3 се менуват и гласат:

„Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече за прекршок на физичко лице вработено во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член."

Ставот 4 се брише.

Член 3

По член 36 се додава нов член 36-а кој гласи:

„Член 36-а

Средствата од глобите изречени во мандатна постапка од страна на државните просветни инспектори се приход на Буџетот на Република Македонија, а средствата од глобите изречени во мандатна постапка од страна на овластените инспектори на општините и на градот Скопје се приход на општините и градот Скопје."

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република македонија"

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

I. Објаснување на содржината на одредбите на Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција.

Со член 1 од Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција се менува менува членот 33 од законот со кој се дава овластување на просветните инспектори за изрекување на глоба во мандатна постапка. Со членот 2 се менува член 36 од законот со кои се предвидува изрекување на глоба на самото место а со членот 3 се пропишува чии приход се глобите изречени во мандатната постапка: средствата од глобата изречена во мандатна постапка дека се приход на Буџетот на Република Македонија, односно на општините и градот Скопје.

II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со изменувањето и дополнувањето на Законот за просветната инспекција се врши изменување на членовите 33, 36 и додавање на нов член 36-а решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со измената и дополнувањето на Законот за просветната инспекција ќе се нормира заокружен и интегрален систем со механизми за добивање на резултати во постигнатите ефекти од изрекувањето на глобата.

ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА
КОЈА СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 33

1) Ако просветниот инспектор во вршењето на инспекциски надзор утврди дека со повреда на закон или друг пропис е сторен прекршок или кривично дело, должен е без одлагање да поднесе барање за поведување за поведување на прекршочна, односно пријава за кривично дело .
2) Органот на кого му е поднесено барањето или пријавата од ставот 1 на овој член е должен својата одлука да ја достави до просветниот инспектор.

Член 36

1) Глоба во износ од 2500 до 4000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако
    1. го спречи или попречува инспекторот во вршење на работите на просветната инспекција;
    2. на просветниот инспектор не му ги даде потребните податоци за вршење на работите на просветната инспекција и
    3. не ги изврши наредените мерки или дејства.
2) Глоба во износ од 1000 до 1500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член.
3) За дејствијата од ставот 1 на овој член глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на физичко лице вработено во правното лице од ставот 1 на овој член.
4) Постапката за порамнување за прекршоците пропишани со овој закон се спроведува согласно со членот 46 од Законот за прекршоците.